Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# П Р А В И Л Н И К
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

Скопје, декември 2019 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ 143/19), министерот за финансии, донесува

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии

### Член 1

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година, број 01-7191/7 од 11.06.2015 година, број 01-7191/8 од 18.06.2015 година, број 01-7191/9 од 24.06.2015 година, број 01-7191/12 од 16.07.2015 година, број 01-7191/14 од 23.09.2015 година, број 01-7191/16 од 20.10.2015 година, број 01-7191/18 од 23.11.2015 година, број 01-496/1 од 13.01.2016 година, број 01-496/4 од 04.08.2016 година, број 01-496/6 од 29.08.2016 година, број 01-7726/1 од 03.08.2017 година, број 01-6174/1 од 21.05.2018 година, број 01-6174/2 од 20.06.2018 година, број 01-6174/5 од 05.12.2018 година и 01-10930/2 од 12.12.2019 година и тоа:

Во членот 12 од Правилникот по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Во Министерството за финансии се утврдуваат работни места за тројца (3) кабинетски службеници за прашања поврзани со дополнителниот заменик на министерот.”

### Член 2

Во членот 13 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Во Министерството за финансии се утврдуваат работни места за тројца (3) посебни советници за работи поврзани со дополнителниот заменик на министерот.”

### Член 3

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, по работното место со реден број 4, се додава ново работно место 4-а кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број | 4-а |
| Шифра | |
| Ниво | |
| Звање | |
| Назив на работно место | Кабинетски службеник за прашања поврзани со дополнителниот заменик на министерот |
| Број на извршители | 3 |
| Одговара пред | |
| Вид на образование | |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | вршење на работи кои се во врска со надлежностите на дополнителниот заменик на министерот |
| Работни задачи и обврски | – ги средува и ги комплетира материјалите за прием, разгледување и доставување на потпис до дополнителниот заменик на министерот;<br>– прием, подредување и водење евиденција на материјалите;<br>– водење евиденција за поштата на дополнителниот заменик на министерот;<br>– активности поврзани со протокол кои се однесуваат на дополнителниот заменик на министерот;<br>– организирање и закажување состаноци и приеми кај дополнителниот заменик на министерот;<br>– вршење на други тековни работи поврзани директно со работењето на дополнителниот заменик на министерот. |

Член 4

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка **2.Сектор за трезор**, во потточка **2.7. Одделение за регионално трезорско работење**, во работното место со реден број „**88. Советник за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии**“, во делот Број на извршители бројот „4“ се заменува со бројот „5“, а по зборовите „Охрид-1“ се додаваат зборовите „Кичево-1“.

Член 5

Во глава IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, во точка **2.Сектор за трезор**, во потточка **2.7. Одделение за регионално трезорско работење**, во работното место со реден број „**91**. Самостоен референт за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии“, во делот Број на извршители бројот „34“ се заменува со бројот „33“, а зборовите „Скопје-14“ се заменуваат со зборовите „Скопје-13“.